Иван К
14.12'23

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Архивски број УП1-15-2550/2023

Дата: 12 -12- 2023

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
СКОПЈЕ

| Примено: 14 -12- 2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 18- | 1688/6 | | - |

ДО: Општина Аеродром
Бул. Јане Сандански бр. 109 Б
1000 Скопје
Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: Известување
Врска: Ваш бр. 18-1688/5 од 29.11.2023 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање–Сектор за просторно планирање под бр. УП1-15-2550/2023 од 01.12.2023 година поврзано со постапката за носење на планската документација изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на дел од КП бр. 2790, дел од КП бр. 2791, дел од КП бр. 2793/2, КП бр. 2793/1, КП бр. 2793/8 и КП бр. 2793/9, КО Горно Лисиче вон град - Општина Аеродром, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр: 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и "Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), Вашата Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина бр. 18-1688/4 од 28.11.2023 год. и формуларот бр. 18-1688/3 од 28.11.2023 год., Министерството за животна средина и просторно планирање ги прифаќа.
Одлуката заедно со формуларот задолжително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Со почит,

Министер
Каја Шукова

Република Северна Македонија – Министерство за животна средина и просторно планирање – Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut – Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor – Shkup

Изработил: Бајрам Цамиќ

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска



Министерство за животна срединаи просторно ланирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësor dhe Planifikimit
hapësinore e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на дел од КП 2790, дел од КП 2791, дел од КП 2793/2, КП 2793/1, КП 2793/8 и КП 2793/9, КО Горно Лисиче вон град, општина Аеродром |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Ин-Пума Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДООЕЛ Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Градоначалник на општина Аеродром |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Елена Андреева, диа |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | бул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 130, Скопје<br>тел. 02/2461-451 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-1688/3
29-11-2023 год.
СКОПЈЕ

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23), Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр. 11/18 и 42/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X<br>Не |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на дел од КП2790, дел од КП2791, дел од КП2793/2, КП2793/1, КП2793/8, КП2793/9 со намена Г2 – Индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, не бил предмет на планирање и уредување во минатото и како таков е опфатен со Просторниот план на Република Македонија, донесен на 11.06.2004 год. од Собранието на Република Македонија (Сл. весник на РМ бр. 39/04).<br>Следствено, за локацијата која е предмет на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на дел од КП2790, дел од КП2791, дел од КП2793/2, КП2793/1, КП2793/8, КП2793/9 издадени се услови за планирање на просторот, со тех. бр. Y33922, за површина од 0.42 ха. За останатиот дел од површината има издадено: Услови за планирање на просторот за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс на КП 2973/2, КО Горно Лисиче, Општина Аеродром со тех.бр. Y29614.<br>Во непосредна близина на планскиот опфат има издадени Услови за планирање на просторот за изработка на локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија на дел од КП 2793/6, КО Горно Лисиче вон гр. Општина Аеродром со тех. бр. Y04018.<br>Планскиот опфат се граничи со траса на издадени Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на локален пат Горно Долно Лисиче, Општина Аеродром со тех.бр. Y09409. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |

| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
|---|---|---|---|

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Површината на проектниот опфат изнесува 8098.4790м², односно 0.8098 ха. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Целта на изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на дел од КП2790, дел од КП2791, дел од КП2793/2, КП2793/1, КП2793/8, КП2793/9 со намена Г2 – Индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, е да се дефинираат услови за изградба на објекти, притоа водејќи сметка во предложеното урбанистичко решение да се обезбедат хумани услови за уредување на |

просторот. За сите наменски зони со основна класа на намена Г2 – Индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, одредени се следниве компатибилни класи на намена: Б1, Д2, Д3, Г3 и Г4 со максимално дозволено учество од 30% од основната класа на намена. На оваа локација инвеститорот планира да изгради објекти кој ќе се користат како магацини за електрични работи.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2023 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

10 години.

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Предметниот локалитет се наоѓа на територијата на Општината Аеродром, во КО Горно Лисиче вон град. Планскиот опфат зафаќа дел од КП2790, дел од КП2791, дел од КП2793/1, КП2793/2, КП2793/8 и КП2793/9.

Опфатот на Урбанистичкиот проект е дефиниран со следните граници:

- на запад границата се движи по западната граница на КП2790, КП2791, КП2793/2, КП2793/1;
- на север границата се движи по северната граница на КП2790;
- на исток границата минува низ КП2790, КП2791, КП2793/2 и продолжува по источната граница на КП2793/2 и КП2793/9;
- на југ границата се движи по јужната граница на КП2793/9, КП2793/2, КП2793/8 и КП2793/1.

Границата на планскиот опфат е прикажана во графичките прилози и е дефинирана со следниве координати на прекршните точки:

Површина: 8098.4790 $м^2$.

Периметар: 524.2748 м.

| | X | Y |
|---|---|---|
| T1 | 4646558.8981 | 7542434.9391 |
| T2 | 4646560.4900 | 7542429.3100 |
| T3 | 4646567.0200 | 7542432.3000 |
| T4 | 4646574.0900 | 7542435.5300 |
| T5 | 4646597.4900 | 7542446.2200 |
| T6 | 4646607.7800 | 7542423.4400 |
| T7 | 4646608.2500 | 7542422.4100 |
| T8 | 4646615.9800 | 7542405.8600 |
| T9 | 4646623.8600 | 7542389.0100 |
| T10 | 4646582.7500 | 7542370.8600 |
| T11 | 4646578.1200 | 7542368.8200 |
| T12 | 4646578.4800 | 7542367.5900 |
| T13 | 4646582.7300 | 7542352.1800 |
| T14 | 4646587.8900 | 7542333.4600 |
| T15 | 4646589.5600 | 7542334.2600 |
| T16 | 4646631.6200 | 7542352.0300 |
| T17 | 4646639.6600 | 7542355.8800 |
| T18 | 4646664.5100 | 7542364.9700 |
| T19 | 4646665.9800 | 7542365.6900 |
| T20 | 4646675.9800 | 7542370.1100 |
| T21 | 4646687.6000 | 7542375.6000 |
| T22 | 4646675.4500 | 7542400.7700 |
| T23 | 4646655.4700 | 7542438.0900 |
| T24 | 4646655.0600 | 7542443.1100 |
| T25 | 4646622.4751 | 7542490.2598 |
| T26 | 4646595.2921 | 7542452.0057 |
| T27 | 4646571.9700 | 7542441.0700 |




**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)**

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од: Несоодветното управување со генерираниот отпад, отпадните води, влијанија врз амбиенталниот воздух.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Досегашниот просторен развиток на општина Аеродром во чиј атар се наоѓа планскиот опфат го наметнува прашањето за неискористени потенцијали кои просторот и неговото пошироко опкружување ги поседува, а кои се откриени и утврдени низ методолошки пристап кој опфаќа:<br>• Валоризација на погодностите и ограничувањата за просторен развиток на општината. Валоризација на природните можности и создадените потенцијали за задоволување на денешните и особено идните потреби на населението во околните населби. |

| | |
|---|---|
| | • Проекција на потребите и можностите за остварување на зацртаните цели на развојот и во согласност со нив дефинирање на критериумите, стандардите и плански параметри со кои ќе се утврдат функционалните и просторни потреби на сите подрачја на развиток на општината во планскиот период.<br>• Усогласување на програмските определби и планските параметри на идниот развиток со насоките на Просторниот план на Републиката.<br>• Концепт на идниот развој на општината со основни параметри во планирањето.<br>• Валоризација на погодностите, можностите и ограничувањата на идниот просторен развој на планот.<br>• Усогласување на концепцијата за идниот развој со согледувањата и насоките кои произлегуваат од Просторниот план на Републиката. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина, животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2021 год. вкупниот број на жители во општината Аеродром на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 77735 жители.<br>Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Областа со реализација на планираниот објект ќе добие зголемена вредност. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на РМ, на просторот со намена лесна и преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Горно Лисиче вон град, Општина Аеродром, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Во катастарската општина на проектниот опфат кој е предмет на разработка во Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички |

| | |
|---|---|
| | план на дел од КП2790, дел од КП2791, дел од КП2793/2, КП2793/1, КП2793/8, КП2793/9 со намена Г2 – Индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, односно КО Горно Лисиче вон град нема евидентирани недвижни споменици на културата. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на дел од КП2790, дел од КП2791, дел од КП2793/2, КП2793/1, КП2793/8, КП2793/9 со намена Г2 – Индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, КО Горно Лисиче вон град, е делумно изградено земјиште, односно има два постојни објекти, но со економски потенцијал имајќи ги во предвид локацијата, местоположбата, визурите кон градот и останатиот простор со неизградено земјиште. Во непосредна близина постојат неколку изградени стопански комплекси. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со донесувањето на овој проект ќе следат и поголеми странски и домашни инвестиции од различни сфери од економијата. Со Урбанистичкиот проект се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Имплементацијата на проектот ќе допринесе за развој во општина Аеродром. Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:

Воздух: зголемена фрекфенција на возила, работни активности на објектите;

Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните

активности кои ќе се изведуваат;
Вода: на предметната локација се очекува да се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води од кои санитарните отпадни води ќе бидат насочени кон водонепропусна септичка јама се до приклучување на објектот на канализациона мрежа;
Почва: несоодветното управување со отпадот генериран во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата;
Природно и културно наследство: во близина на предметната локација нема заштитени добра од природно наследство;
Пејсаж: планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;
Транспорт: зголемена фрекфенција на возила.
Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:
- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Неправилно управување со отпадот, неправилно постапување со отпадните води може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
Овој проект е поврзан со следниве документи:
- ЛЕАП за општина Аеродром;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**
Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**
Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од

| | |
|---|---|
| областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Раководител на сектор за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина<br>Иван Кокалановски,д.и.а<br><br>Раководител на одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови<br>Страшко Хаџи Коцев, д.и.а<br><br>ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ<br>Тимчо Муцунски |
| Датум 28.11.2023 година<br>Место: општина Аеродром | М.П. |